ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 22,став 1 точка 8 и член 36,став 1 од Законот за локална самоуправа („службен весник на Република Македонија „бр61/04,96/04,67/07,156/09 и 47/11/)и член 162,став 2 од Законот за средно образование (Службен весник на Република Македонија „бр.103/08,33/10,116/10,156/10,18/11,51/11 и 6/12,100/12,24/13,41/14,116/14,135/14) Советот на Општина Кичево ,на __ седница, одржана на __.__.2021 година.го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК**

За методологијата за утврдување на крутериуми за рапределба на блок дотацијата наменета за општинските средни училишта на подрачјето на Општина Кичево

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските средни училишта на подрачјето на Општина Кичево.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста –средно образование ,трансферирани од Буџетот на Република Македонија распоредени во програма Н2 и потпрограма Н20-основно образованиее ,се врши финансирање на општинските основни училишта :„Дрита„ и „Мирко Милески„.

Средствата од став 1 на овој член се распоредуват поединечно на секое општинско средно училиште врз основа на претходното доставените податоци од страна на основните училишта и нивните годишни финансиски нпланови.

**Член 3**

Износот на бруто платите ,кои што се претходно пресметани и дадени како задоложителна обврска по број на вработени се иземени од оваа методологија и се исплатуваат на секое училиште според поднесените пресметки за плата .

Во случај да еден работник ,од одредено училиште,заминува во пензија а тоа работно место не се пополнува со ново вработување средствата во висина на бруто платата за тоа работно место, по основ на економичност ќе се распределат на тоа училиште како додатни средства во планирање на тековните расходи.

По одбивање на вкупниот износ на бруто платите на сите училишта од износот на годишната блок дотација останатите средства ке се распоредуваат по буџетските корисници согласно утврдените критериуми,така што при реализација на годишните планови ќе може да се користи и наменска сметката 734014039893715.

**Член 4**

Распределбата на блок дотацијата за тековние расходи по општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево ќе се врши по следните критериуми:

-вкупен број на ученици по училишта(Бр.Уч)

-број на ученици –кои користат бесплатен превоз(Бр.Уч.Тр)

- долг по училишта ( До.Уч.)

Согласно овие критериуми и формулата:

**Уч=((Бр.Уч/Вк.Бр.Уч*100)+(Бр.Уч Тр/Вк.Бр.Уч Тр*100)+(До.Уч/Вк.До.Уч*100)/3**

извершен е следниот распоред по проценти :

| ОСУ | Проценти |
|---|---|
| „Дрита„ - | 59,7% |
| „Мирко Милески„- | 40,3% |

**Член 5**

Средствата од блок дотацијата до општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево ќе се насочуват преку Секторот за финансиски прашања на Општината Кичево месечно ,односно по нивното трансферирање од страна на Министреството за образованије и наука.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кичево „а ќе се применува од 01.01 до 31.12-2022 година.

Број.________ ПРЕДСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ

Датум __.__.2021 НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Кичево